| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Ковачевска Гордана, Анета Мијоска | Дентални материјали- заботехнички и клинички | Стоматолошки факултет | 2019 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Phillips | Science of dental materials | Elsevier | 2003 |
| | | 2. | Craig's | Restorative dental materials | Elsevier | 2008 |

Ред. број: 4

| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Заботехнички апарати и инструменти | | | |
| 2. | Код | СЗТЗАИ1 | | | |
| 3. | Студиска програма | Стручни забни техничари | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ – Стоматолошки факултет – Скопје,<br>Катедра за стоматолошка протетика | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 1 | семестар | 1 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова<br>и наставници од Катедрата за стоматолошка протетика | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Студентот ќе се запознае со законските нормативи за отворање на заботехничка лабораторија, со апаратите и инструментите потребни за функционирање на лабораторијата и за изработка на протетички (фиксни и мобилни) надоместоци и ортодонтски апарати. | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Теоретска настава:<br>1. Простор и опремување на заботехничка лабораторија .. 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со законските нормативи за отворање на заботехничка лабораторија – потребен простор и опрема, како и со составните елементи на едно заботехничко работно место. Посебен акцент е посветен на ергономијата со цел штедење на работна сила.*<br>2. Технички мотор, насадник, аспиратор и инструменти и | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | апарати за зголемување на видното поле ...................... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со различни модели на технички мотори и насадници во склоп на работното место, аспиратори со цел заштита на забниот техничар, како и различни можности за зголемување на работното поле: лупи, стереомикроскоп.*<br>3. Инструменти и апарати за работа со гипс ..................... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со инструментите што се користат при работа со гипс: шоља и шпатула, нож за гипс, клешта за сечење на гипс и маса за вложување, скалпел, моделирна тестерка, фрези и сепарирки за гипс, како и апарати за вакуумско мешање на гипсот, вибратор и гипстример.*<br>4. Инструменти за изработка на работни модели и подвижни забни трупчиња ........................................................... 2 часа<br>*Резултати од учење*: *Студентот се запознава со инструментите што се користат при излевање на отпечатоците за изработка на базата на работните модели – сокли и добивање на подвижни работни трупчиња: сокли со водечки жлебови, Ney-еви колчиња, двојни метални колчиња со V-облик со ракав, како и улогата на ретенциските прстени.*<br>5. Инструменти и апарати за работа со восок ................. 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со инструментите за работа со восок – различни видови на ножиња, инструменти и апарати за размекнување на восокот (комори за потопување на подвижни работни трупчиња) и моделирање (термо-ноже), апарати за добивање на пламен (шпиртна ламба, пламеници) и видови на пламен, инструменти за мерење на дебелина на восок и за полирање.*<br>6. Инструменти за вложување и леење . ........................ 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со инструментите за вложување и леење: кивети – прстени, база на киветите, оформувач на инката за леење, експанзивни ленти, муфли за загревање на легурата, маша, чекан и клешти за масата за вложување.*<br>7. Апарати за предгреење, греење и леење, лемење и пунктирање ................................................................... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со печките за предгреење – сушари, за главно греење – жарење или комбинирани, како и апаратите што се користат за леење со дентални легури (центрифугални, вакуум-компресивни). Студентот се запознава и со апаратите за лемење и пунктирање што особено се користат во ортодонцијата.*<br>8. Инструменти и апарати за обработка на метални надоместоци ........................................................................... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со инструментите со кои се обработуваат металните излевоци: ротирачки инструменти за сепарирање и стругање, различни видови на брусни тела, мерачи за дебелина на метал, апарати –песочници, како и апарати за чистење на обработените метални надоместоци.*<br>9. Инструменти за фасетирање со керамички материјали ..2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со инструментите и апаратите за бирање на боја, порцелански* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *плочки за замешување на керамичкиот материјал, метални инструменти за нанесување и моделирање на керамиката, држач – пеан, четки за нанесување на опакер и керамика, скалпели, пинцети, носачи и потпори за печење на метал-керамички реставрации, инструменти за обработка на керамика.*<br>10. Инструменти и апарати за полимеризација при изработка на мобилни протези и дублирање .................................... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со инструментите и апаратите што се користат во завршните фази од изработката на мобилни протетички надоместоци и ортодонтски апарати: кивети, бигели, преси, инструменти за исплакнување и апарати за испирање на восокот. Посебен акцент е ставен на инструментите и техниките на дублирање, како и апаратите што се користат за топење на масата за дублирање и импрегнација на дублираните модели со восок.*<br>11. Паралелометри и фрез апарати .................................... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со апаратите што се користат при изработка на скелетирани - визил протези, но и фиксни конструкции кои доаѓаат во склоп на една комбинирана протетичка реставрација – паралелометри и апарати за фрезување: нивна поделба, намена, делови – инструменти, функции и начин на работа.*<br>12. Апарати и инструменти за механичко и електролитичко полирање ...................................................................... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со терминот „полирање" како последна фаза од изработувањето на протетичките надоместоци и ортодонтските апарати, инструментите и апаратите што се користат за механичко полирање (со технички мотор и насадник или полирмотор): каменчиња, дискови, гумички, филцеви, четки, како и апаратите што служат за електролотичко полирање. Студентот се запознава и со терминот „галванизација" и апаратите што служат за таа намена.*<br>13. Апарати за полимеризација на акрилатни и композитни материјали ...................................................................... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со различните видови на апарати за полимеризација на акрилатни, композитни материјали: во загрена вода и под притисок – рапид техника, со загреан, сув воздух – пиропласт техника и апарати за светлосна полимеризација.*<br>14. Печки за печење на керамика и за пресување ............. 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со апарати што служат за печење на керамичките материјали при изработка на метал-керамички реставрации, апарати за пресување со керамички инготи и печки за синтерување и фузирање.*<br>15. CAD-CAM апарати и апарати за 3-Д печатење ........... 2 часа<br><br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со последните технологии за изработка на протетички надоместоци и ортодонтски апаратчиња и помагала: нивните составни елементи, можните технологии (3-Д печатари), начинот на работа.* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *Вкупно: ........................................................................ 30 часа*<br><br>**Лабораториски вежби**<br>Запознавање со инструментите и апаратите што се користат во заботехничката лабораторија и начинот на работа со нив.<br><br>*Вкупно: ........................................................................ 15 часа* | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Овој предмет е поврзан со сите стручни предмети во кои е вклучена практична работа на студентот запишан на студиската програма за Стручни забни техничари; лабораториските вежби се спроведуваат со користење на различни апарати и инструменти во заботехничката лабораторија. | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Теоретска настава, интеракција на студентите, посета на заботехничка лабораторија, запознавање со составните елементи на заботехничкото работно место и демонстрирање на апаратите и инструментите што се користат во секојдневната работа на забниот техничар, самостојно истражување, работа во мали групи при подготовката на семинарите, работа во голема група при презентирањето на истите. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часа | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања - теоретска настава. часови | 30 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 15 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 15 |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење – задачи | 110 |
| 18 | Услови за потпис | За добивање на потпис потребно е присуство на минимум 60% од теоретската настава и покажана активност на часовите, присуство на минимум 80% од вежбите и подготвена и презентирана проектна задача. | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 30 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 10 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 60 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Самоевалуација од страна на студентите, проценка на постигнатиот успех на студентите на колоквиумите што се спроведуваат во текот на семестарот, како и проодност на студентите кои го положиле предметот. | |
| 22. | Литература | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | |

| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Е. Петкова-Иванова, Г. Ковачевска, Б. Капушевска, Д. Велески, Ј. Бундевска | Инструменти и апарати за заботехничка лабораторија | Стоматолошки факултет | 2005 |
| | | 2. | Е. Бајрактарова Ваљакова | Сепарати од презентации | Стоматолошки факултет | |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | | | |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |

Ред. број: 5

| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Ергономија | | | |
| 2. | Код | СЗТЗЕР1 | | | |
| 3. | Студиска програма | Стручни забни техничари | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за болести на забите и ендодонтот | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 1 | семестар | 1 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 4 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф.д-р Василка Ренџова<br>и наставници од Катедрата за болести на забите и ендодонтот | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Ислушани сите задолжителни предмети од прва година | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Студентот да ги разбере ергономските принципи во стоматологија за правилно дизајнирање на стоматолошката ординација и работната средина, да го познава дизајнот на стоматолошките инструменти, како и ергономските аспекти на екипираноста на работниот простор кој ќе овозможи поефикасно и поквалитетно извршување на работните задачи | | | |